Врз основа на член 36 од Статутот на Сојузот на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија, Деловникот за работа на Управниот одбор на СЗДСМ, а во врска со членовите 56, 57 и 58 од Статутот на СЗДСМ, Управниот одбор на седницата одржана на ден 22.05.2021 година, донесе :

# Правила за судир на интерес

Потенцијален судар на интерес постои кога членовите на Сојузот на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија (СЗДСМ) може да ја искористат својата позиција за влијание и доверба во СЗДСМ за да ги унапредат своите лични, професионални или финансиски интереси или интересите на член од семејството и деловен соработник или, пак, кога таквиот интерес може да влијае или да се чини дека влијае врз акциите и проценката на вработените или застапникот на СЗДСМ.

За член на семејството се смета брачен партнер, партнер со кого се живее во заедница, родител, дете, баба/дедо, внук, брат/сестра или друг роднина или лице со кое член на СЗДСМ е во блиски семејни односи.

## *Политика*

Членовите на Собранието на СЗДСМ, Претседателот, секретарот, вработените, членовите на управниот и надзорниот одбор како и застапниците на СЗДСМ (во понатамошниот текст членови на СЗДСМ) не треба:

1. Да учествуваат при одлучување во селекција, доделување награди или администрирање на договор за набавки, во склучување договор или доделување грант на индивидуален консултант, набавувач или правно тело (организација, корпорација или владина служба) со што, со негово или нејзино знаење, член на СЗДСМ или член на семејството, деловен соработник на СЗДСМ може да стекне финансиска добивка;
2. Да учествува во донесување одлука за вработување, за определување на износ за компензација, во промоција, отпуштање или супервизија на член на семејството или деловен соработник;
3. За лични или неовластени цели да искористи привилегирани или сопственички информации добиени при работата на СЗДСМ.
4. За случаеви со судар на интерес одлучува орган овластен за одлуката со 2/3 мнозинство од вкупниот број членови, и се објавува соодветно во годишниот извештај на СЗДСМ.
5. За барање во кое судар на интерес има претседателот, потпретседателот, секретар и членовите на Управниот одбор, Надзорен одбор и Секретаријтото, членот на органот не присуствува во дискусијата и одлучувањето по барањето, во случај кога најмалку 4 членови на Упрваниот одбор имаат конфликт на интерес, Управниот одбор дава позитивна или негативна препорака до Собранието, кое ја донесува дефинитивна одлука.

## *Неконкурентност*

6. Членовите на СЗДСМ може несвесно да се стават во конкурентен однос со СЗДСМ индивидуално или во соработка со друг конкурент. Во случаи кога ангажираниот сака да учествува во конкурс во кој е непознато учеството на СЗСМ тој својот интерес треба да го изрази пред Претседателот. Тој ќе утврди дали СЗДСМ има намера да учествува на конкурсот за тој даден проект или активност. Доколку СЗДСМ не се натпреварува, ангажираниот, со неговото учество нема да биде во конфликт со оваа политика.
7. Членовите на СЗДСМ кои се поврзани со некоја организација што се натпреварува за проект или активност со СЗДСМ мора да го изразат потенцијалниот судар на интерес, така што ќе може да се утврди соодветната акција во однос на тоа. Од секератрот може да се побара да одбие идно учество во дискусиите на СЗДСМ поврзани со конкурсот. Освен тоа, членот на СЗДСМ може на дадената организација или нејзините претставници да не им открие какви било сопственички информации на СЗДСМ што би биле штетни по интересите на сојузот.

**Процедура**

***Дистрибуција и признание***

8. Политиката на СЗДСМ околу судар на интерес ќе биде дистрибуирана до сите и соодветните застапници/консултанти по нивното ангажирање. Во оваа фаза, од нив ќе биде побарано да потпишат изјава околу конфликтот на интерес, нагласувајќи дека добиле копија од политиката и дека се согласуваат да се придржуваат кон нејзините услови.

   Политиката на СЗДСМ околу sударот на интерес еднаш годишно ќе биде разгледувана на Секретаријтот. Претседателот, потпрестедателот и секретарот се одговорни да обезбедат ревизија на политиката.

***Прекршување на политиката околу конфликтот на интерес***

9. Доколку се открие дека член на орган, претседателот, потпретседателот, секретарот, членовите на секретаријатот, вработен кој е овластен да презема одговорности, плаќања и/или да носи одлуки во име на СЗДСМ намерно ја прекршил политиката околу конфликтсудар на интерес, соодветното тело може да преземе дисциплински мерки против даденото лице, со цел да ги заштити интересите на СЗДСМ. Таквите мерки може да вклучат формално предупредување, прекин на трансакцијата или на активноста што го предизвикала sударот, и/или отстранување од членство во органите на СЗДСМ, прекинување на работниот однос или прекинување на договорот за соработка.

**Управен одбор на СЗДСМ**

**Претседател**,

_____________________________

Димче Велев